Врз основа на член 52, став (2) алинеја 5, член 90, став (1), точка 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 23, став 1, алинјеи 1 и 4, и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 4/2025**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, во Одборот за акредитација на високото образование, од научно-истражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација, **хуманистички науки**:

- **1 (едно) лице од редот на професорите**, во редовен работен однос на Универзитетот во Тетово

*Услови за избор:*

- да имаат објавено најмалку 10 научни труда во референтна научна публикација, освен професорите по стручно уметнички предмети;
- да не се избрани за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација.

*Кандидатите поднесуваат:*

- пријава по огласот;
- кратка биографија (CV)
- пополнет образец за податоци (достапен на веб страницата на УКИМ http://www.ukim.edu.mk/ во линкот „ИКРСМ).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае **8 работни дена**, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: rpavlova@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија**